**До: Министерство за финансии**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Доставете ни копија од листа (или линк каде се објавени) од бројот на склучените договори во рамки на ИПА 2 за 2020 година.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено: E Pranuar: | 10 -03- 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësi organizative | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 03 | 2930/1 | | |

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Архивски знак Shenja e arkivit: ________
Рок на чување/Afati i ruajtjes: ________
________ 20 ___ год./viti
Потпис/Nënshkrim
________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека с... бати за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер

**Потпис**

**Во 08.03.2021 година**

______________________
(...лку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

**- Сектор за правни работи -**

**Архивски број: 03-2930/**4.

**Датум:** 18 -03- 2021

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ” бр. 101/19), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации - Министерство за финансии го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер**

СЕ ОДОБРУВА барањето број 03-2930/1/1 од 10.03.2021 година, поднесено од страна на барателот [redacted] а за пристап до информација од јавен карактер [redacted] се објавени) од бројот на склучените договори во рамки на ИПА 2 за 2020 година“.

**Образложение**

На ден 10.03.2021 година барателот Фондација Отворено општество - Македонија до Министерството за финансии поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер, со кое се побара пристап до информацијата „Доставете ни копија од листа (или линк каде се објавени) од бројот на склучените договори во рамки на ИПА 2 за 2020 година“.

Министерството за финансии како имател на информации го разгледа барањето, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Министерството за финансии сите податоци за склучените договори во рамки на ИПА2 ги има објавено на официјалната веб страна на Секторот за централно финансирање и склучување на договори, на следниот линк: https://cfcd.finance.gov.mk/?page_id=852.

Имајќи го во вид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на Одделение
Лилијана Стојановска

Изр[redacted]


Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 - 624
www.finance.gov.mk